Универзитет „Свети Кирил и Методиј“

# МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ – Скопје

## ОТВОРЕН ДЕН И ГОЛЕМА ЗАБАВА НА МФС

На ден 16.06.2005, на МФС беше организиран отворен ден и забава. Отворениот ден имаше неколку цели. Имено на него беа презентирани меѓународните проекти кои ги реализираат професори од МФС. Потоа беше потпишан договор за соработка преку доделување на студентски пракси од страна на Македонски телекомуникации и МФС.




На отворениот ден беа поканети преставници на фирмите во кои нашите студенти извршуваат пракса. Истите добија и благодарници. Отворениот ден заврши со коктел во бифето а во вечерните часови на паркинг на МФС се одржа студентска забава. На забавата беа доделени неколку фудбалски топки. Потоа беа претставени студенти - кандидати за пракса во Македонски телекомуникации. Забавата продолжи до полноќ со бенд во живо и диџеи.

## ПРОМОЦИЈА НА МФС

На ден 8.06.2006 год. на форумот ETF Advisory Forum Meeting во Торино, Италија беше презентиран случајот на МФС, како случај на најдобра практика на трансформиран факултет во балканскиот регион од страна на експертите на ETF.

## ВТОРА ГЕНЕРАЦИЈА СТИПЕНДИСТИ ОД JONSON CONTROLS

На ден 9.06.2006, на МФС се изврши свечено промовирање на втората генерација стипендисти на Jonson Controls.

Тие беа промовирани и поздравени од страна на висока делегација на Jonson Controls, заменик министерот за економија, деканот на МФС и г-дин Ристо Гуштеров.

## ВОРКШОП

Во период од 7 до 9.06.2006 во просториите на МФС се одржа воркшоп во рамките на проектот CARDS / WIPO University Research and Development Initiative. На него зедоа учество преставници од Македонија, СиЦГ, Бугарија, Турција, Хрватска, Косово и Албанија. Координатор на воркшоп беше доц. д-р Глигорче Вртаноски.

## СТАРТ НА ПРОЕКТ

На ден 22.06.2006 год. се одржа стартниот состанок за проектот чија цел е формирање на Центар за развој на нови бизниси.

## СЕМИНАР

На 15, 16, 20 и 21.06.2006 год. на МФС во организација на институтот МКММВ се одржа семинар под името "Обука на наставници на паралелки за автомеханичари во средни училишта".
Спонзори на семинарот беа УСАИД и ГТЗ.

## ИНФО ЧАС

На ден 13.06.2006 год. се одржа средба на деканот, продеканот за настава, менторите и членовите на комисијата за следење на успехот со студентите од прва година.

На информативниот час студентите се информираа за правилата за студирање во согласност со ЕКТС како и со тековните работи и проблеми со кои се среќаваат во текот на студирањето.

## ИНЖЕНЕРСКИ ПРСТЕН

Во рамките на конференцијата на Инженерската асоцијација на Македонија, а под покровителство на претседателот Бранко Црвенковски на ден 7.06.2006 год. во Охрид, на светото место Плаошник се изврши доделување на инженерскиот прстен на најдобрите дипломци од техничките факултети.

Најдобриот дипломец од МФС кој доби прстен е Кристина Јакимовски.

***Искрени честитки и желби за понатамошно напредување во кариерата!***

## О Т С У С Т В А

1. Доц. д-р Никола Тунески на ден 26 и 27.05.2006 год зеде учество на меѓународна конференција организирана од Институтот за математика при Факултетот за природни науки на Аристотел Универзитетот во Солун, Грција.

2. Проф. д-р Александар Ношпал, престојуваше во Албанија, СиЦГ, БиХ и Хрватска од 30.05 до 3.06 и од 8.06 до 16.06 2006 год. со цел негово учество како експерт на ТЕМПУС студијата Tempus regional impact study in the Cards countries.

3. Проф. д-р Татјана Кандикјан на 6и 7.06 2006 год. реализира студиски престој на Универзитетот во Ниш, СЦГ.

4. Доц. д-р Радмил Поленаковиќ од 7 до 10.06 2006 год. учествуваше на Форумот ETF Advisory Forum Meetind во Италија.

5. Асс. м-р Ана Лазаревска, од 10 до 15.06 2006 год. учествуваше на Вториот меѓународен курс за компјутерско инженерство 2006 во Бугарија.

6. Вон. проф. д-р Атанаско Тунески, од 22 до 25.06.2006 оствари посета на Аристотел Универзитетот во Солун, Грција.

7. Асс. м-р Роза Ацеска од 2.06 до 28.06 2006 год. реализира студиски престој на Институтот за математика при Техничкиот универзитет во Данска со цел продолжување на работните активности на Темпус проектот.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**29.06.2006**
**20 СЕДНИЦА НА ННС**

### ПРВ УПИСЕН РОК

***Пријавување:***
***26-27.06.2006***

***Објавување на резултати од успехот од средно образование:***
***28.06.2006***

***Дополнително тестирање по математика на кандидати со еднаков број освоени поени:***
***06.07.2006***

***Решение за прием:***
***11.07.2006***
***Запишување:***
***13-14.07.2006***

**13.07.2006**
**21 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**

*Тони Манџуковски*
*Борис Рошков*

**Година 2006, јуни, број 51**

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*

МФС

# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

## УПИС

Во тек е уписот на нови студенти. Веќе се гледаат резултатите од доегашното работење на МФС, како и промотивните и останати активност.

Имено на МФС во текот на двата дена предвидени за пријавување, вкупно се пријавија 439 кандидати. Од нив 282 кандидати на академските и 157 кандидати на професионалните студии.



Тие со својот број и интерес силно ќе влијаат врз работата на МФС во иднина. Да им покажеме дека сме тука заради нив.